# СЛУЖ

## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА Ф

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ“ излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик — Огласи според тарифата. — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-1125

Петок, 23 мај 1975

БЕЛГРАД

БРОЈ 25 ГОД. XXXI

Цена на овој број е 24 динари. — Претплатата за 1975. година изнесува 420 динари. — Редакција: Улица Јована Ристића бр 1. Пошт фах 226. — Телефони: централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Комерцијален сектор 651-671; Телекс 11756


**337.**

Врз основа на член 327 од Уставот на СФРЈ и чл. 65, 66 и 67 од Деловникот за работа на Претседателството на СФРЈ („Службен лист на СФРЈ“, бр. 12/75) Претседателството на СФРЈ на седницата од 12 мај 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗБОР НА ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

За потпретседател на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија за период од една година, почнувајќи од 16 мај 1975 година, се избира д-р Владимир Бакарик, член на Претседателството на СФРЈ од Социјалистичка Република Хрватска.

**Претседателство на Социјалистичка Федеративна Република Југославија**

Бр. 0-12
12 мај 1975 година
Белград

Претседател на
Претседателството
Претседател на
Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

---

**338.**

Врз основа на член 52 став 4 од Законот за преминување на државната граница и за движење во граничниот појас („Службен лист на СФРЈ“, бр. 6/73), Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА

### ЗА ДОАЃАЊЕ НА СТРАНСКИ ЈАХТИ И СТРАНСКИ ЧАМЦИ, НАМЕНЕТИ ЗА РАЗОНОДА ИЛИ СПОРТ, ВО КРАЈБРЕЖНОТО МОРЕ И РЕКИТЕ И ЕЗЕРАТА НА ЈУГОСЛАВИЈА И ЗА ПРЕСТОЈ НА ТИЕ ЈАХТИ И ЧАМЦИ ВО ТИЕ ВОДИ

Член 1

Странска јахта, односно странски чамец наменет за разонода или спорт (во натамошниот текст: јахтата, односно чамецот) може да плови и да престојува во крајбрежното море на Југославија (во натамошниот текст: крајбрежното море), односно на реките и езерата на територијата на Југославија на кои се врши меѓународна пловидба (во натамошниот текст: реките и езерата), ако добие одобрение за пловидба во крајбрежното море, односно по реките и езерата (во натамошниот текст: одобрение за пловидба).

Одобрението за пловидба го издава, во согласност со одредбите на Законот за преминување на државната граница и за движење во граничниот појас („Службен лист на СФРЈ“, бр. 6/73) и со одредбите на Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ“, бр. 22/73), лучката капетанија или нејзина испостава, односно капетанијата на пристаништето во најблиската лука, односно пристаниште отворено за меѓународен сообраќај (во натамошниот текст: надлежниот орган), во согласност со органот на внатрешните работи во републиката, односно покраината надлежен за контрола на преминувањето на државната граница и со надлежниот царински орган.

Одобрението за пловидба се издава со рок за важење до една година и важи за неограничен број впловувања.

Член 2

Ако јахтата, односно чамецот има намера да плови и престојува во крајбрежното море, односно на реките и езерата, е должен по влегувањето во крајбрежното море односно реките и езерата да вплови по најкраток пат во најблиската лука, односно пристаниште отворено за меѓународен сообраќај и своето доаѓање да му го пријави на надлежниот орган во таа лука, односно пристаниште заради добивање одобрение за пловидба.

Член 3

Ако јахтата, односно чамецот се довезува по копнен пат, барањето заради добивање одобрение за пловидба од член 2 на оваа уредба се поднесува, пред започнувањето на пловидбата, до надлежниот орган во најблиската лука, односно пристаниште отворено за сообраќај.

По исклучок, странски спортски чамец, кајак или сличен пловен објект, како и чамец што не е подолг од три метра и нема механички погон, а се довезува по копнен пат, не мора да има одобрение за пловидба.

Член 4

Барањето за издавање одобрение за пловидба мора да содржи и податоци за јахтата, односно чамецот, со назначување на времето на задржување во крајбрежното море, односно на реките и езерата, и податоци за навигационите средства, на средствата за врска и уредите, како и за опремата за вршење подводни активности што се наоѓаат на јахтата, односно чамецот.

Кон барањето за издавање одобрение се прилага попис на екипажот и список на другите лица на јахтата, односно чамецот со податоци од нивните патни исправи.

Член 5

Одобрение за пловидба може да добие само јахта, односно чамец што е снабден со важечки бродски исправи според прописите на односната странска држава, а членовите на екипажот — со исправи со кои се докажува дека според прописите на својата земја се оспособени за вршење на работите на јахтата, односно чамецот.

Членовите на екипажот и другите лица на јахтата, односно чамецот мораат да имаат уредни патни исправи за преминување на државната граница.

По исклучок, на јахтата, односно чамецот што нема уредни исправи за способноста за пловидба или

на јахтата, односно чамецот чија состојба не им одговара на податоците од тие исправи, одобрение за пловидба може да им се издаде ако јахтата, односно чамецот претходно се подложи на пропишаниот преглед и се утврди способноста за пловидба, за што на јахтата, односно чамецот му се издава соодветна исправа за способноста за пловидба.

Член на екипажот на чамец што нема исправи со кои се докажува дека со прописите на својата земја е оспособен за управување со чамецот или за вршење други работи на чамецот, може да добие привремена дозвола за вршење на тие работи врз основа на претходна проверка на знаењето. Проверувањето на способноста за односната работа го врши и привремената дозвола ја издава органот определен со закон.

Член 6

Одобрението за пловидба содржи податоци за јахтата, односно чамецот, број на членовите на екипажот и на другите лица на јахтата, односно чамецот, податоци за навигационите средства, за средствата за врска и за уредите и опремата за вршење на подводни активности што се наоѓаат на јахтата, односно на чамецот, како и рубрики за запишување на оние делови на крајбрежното море и луките, односно реките и езерата и пристаништата во кои пловидбата и пристанувањето се забранети, рубрики за запишување на оние делови на крајбрежното море, односно реките и езерата на кои врз основа на издаденото одобрение од надлежниот орган на внатрешните работи во републиката, односно покраината им е дозволено да се занимаваат со подводни активности и рубрики за запишување и заверување на податоците за доаѓањето во луката, односно пристаништето и за заминувањето од луката односно пристаништето и рокот за важењето на одобрението.

Составен дел на одобрението за пловидба се заверениот попис на членовите на екипажот и заверениот список на другите лица на јахтата, односно чамецот.

Одобрението за пловидба мора да биде составено на еден од јазиците на народите на Југославија и најмалку на еден од следните јазици: англиски, руски, германски, италијански или француски.

Одобрението за пловидба се издава на образецот што е отпечатен кон оваа уредба и е нејзин составен дел.

Член 7

Јахтата, односно чамецот чие барање за издавање одобрение за пловидба е одбиено од страна на надлежниот орган, е должен по налог од тој орган да го напушти крајбрежното море, односно реките и езерата, и тоа по патот што ќе го определи тој орган.

Во случајот од став 1 на овој член, надлежниот орган може на јахтата, односно на чамецот да му одобри задржување во луката, односно пристаништето онолку време колку што е потребно заради извршување на неопходни поправки, неопходно снабдување или укажување на лекарска помош.

Член 8

Врз основа на издаденото одобрение за пловидба јахтата, односно чамецот може да плови и престојува во крајбрежното море, односно на реките и езерата, освен во оние делови на крајбрежното море и луките, односно реките и езерата и пристаништата во кои пловидбата е забранета за сите бродови и чамци или само за странски бродови и чамци.

Забраната од став 1 на овој член се однесува и на чамците и другите пловни објекти што не мораат да имаат одобрение за пловидба (член 3 став 2).

Член 9

За време на пловидбата и престојот во крајбрежното море, односно на реките и езерата, јахтата, односно чамецот не може да врши превоз на предмети и лица со надомест помеѓу југословенските луки, односно пристаништа (каботажа).

Член 10

Јахтата, односно чамецот може во лука, односно пристаниште да се остава заради поправка, чување или распрема, ако тоа е наведено во одобрението за пловидба. Во таков случај во одобрението ќе се определи рокот до кој јахтата, односно чамецот може да остане на поправка, чување или распрема. Тој рок може да биде и подолг од рокот за важење на одобрението за пловидба.

За оставањето на јахтата, односно чамецот заради поправка, чување или распрема заповедникот на јахтата, односно водителот на чамецот е должен да го извести надлежниот орган за безбедност на пловидбата и надлежната царинарница и на тие органи да им го стави на увид одобрението за пловидба.

Органот од член 1 став 2 на оваа уредба може на јахтата, односно чамецот, под условите определени во тој став, да му издаде одобрение само за престој во луката, односно пристаништето заради поправка, распрема или оставање на чување. Во тој случај во одобрението мора да се наведе рокот до кој јахтата, односно чамецот може да остане на поправка, распрема или чување.

Член 11

Југословенски државјани можат да престојуваат на јахта ако за тоа добијат дозвола од органот на внатрешните работи надлежен за контрола на преминувањето на државната граница.

Дозвола за престој на југословенски државјанин на јахта не е потребна за време на задржувањето на јахтата во лука, односно пристаниште.

Југословенски државјани можат да престојуваат на чамец без дозволата од став 1 на овој член само за време на пловидбата и престојот на чамецот во внатрешните морски води, како и на реките и езерата под суверенитет на Југославија.

Имињата на југословенските државјани од став 1 на овој член се внесуваат во списокот на лицата на јахтата. Тој список го заверува надлежниот орган во луката, односно пристаништето на качувањето на лицата.

Член 12

Непосредно пред напуштањето на крајбрежното море, односно реките и езерата заповедникот на јахтата, односно водителот на чамецот е должен на надлежниот орган во најблиската лука, односно пристаниште отворено за меѓународен сообраќај да му го пријави заминувањето.

При испловувањето од крајбрежното море, односно реките и езерата, јахтата, односно чамецот е должен да плови по најкраток пат.

Заповедникот на јахтата, односно водителот на чамецот што во текот на важењето на одобрението за пловидба повторно впловува во крајбрежното море односно реките и езерата (член 1 став 3) е должен на надлежниот орган во најблиската лука, односно пристаниште отворено за меѓународен сообраќај да му го пријави доаѓањето.

Заверувањето на заминувањето и доаѓањето од ст. 1 и 3 на овој член надлежниот орган го врши во посебна рубрика во одобрението за пловидба.

Член 13

Водителот на чамецот што чамецот го враќа во странство по копнен пат може да му се пријави, во смисла на член 12 став 1 од оваа уредба на надлежниот орган во која и да било лука, односно пристаниште отворено за меѓународен сообраќај.

Член 14

Јахтата, односно чамецот што во крајбрежното море, односно на реките и езерата доаѓа заради спортски натпреварувања, може да вплови и непос-

редно во луката, односно пристаништето од кое започнува или се завршува натпреварувањето, и ако оваа лука, односно пристаниште не е отворено за меѓународен сообраќај.

Во случајот од став 1 на овој член, спортската или друга организација како организатор на спортското натпреварување е должна на надлежниот орган и на органот на внатрешните работи надлежен за контрола на преминувањето на државната граница да им го пријави доаѓањето на јахтите, односно чамците и да им достави попис на екипажите и список на другите лица на јахтите, односно чамците. Пријавата мора да се изврши најдоцна на три дена пред денот на започнувањето на спортските натпреварувања.

Член 15

Одредбите на оваа уредба не се применуваат на пловидбата и престојот во крајбрежното море, односно на реките и езерата на јахтите, односно чамците на кои се наоѓаат шефови на странски држави. Пристапот, пловидбата и престојот на тие јахти и чамци во крајбрежното море, односно на реките и езерата се уредува по дипломатски пат.

Член 16

Со парична казна од 200 до 1.000 динари ќе се казни за поморски прекршок, односно за прекршок на внатрешната пловидба заповедникот на јахтата, односно водителот на чамецот:

1) ако без пропишано одобрение плови по крајбрежното море, односно река или езеро или престојува во крајбрежното море, односно река или езеро (член 1 став 1);

2) ако во крајбрежното море, односно во река или езеро не вплови по најкраток пат во најблиската лука, односно пристаниште отворено за меѓународен сообраќај (член 2), или ако при испловувањето од крајбрежното море, односно река или езеро не плови по најкраток пат (член 12 став 2);

3) ако заради издавање одобрение за пловидба и престој на јахтата, односно чамецот во крајбрежното море, односно река или езеро не му се пријави на надлежниот орган, и тоа:

— во случај на впловување врз основа на одредбата на член 2 од оваа уредба — во најблиската лука, односно пристаниште отворено за меѓународен сообраќај;

— во случај на довоз на јахтата, односно чамецот врз основа на одредбата на член 3 од оваа уредба — во најблиската лука, односно пристаниште отворено за сообраќај;

4) ако при пријавувањето на доаѓањето на јахтата, односно чамецот даде неточни податоци (член 4);

5) ако на јахтата, односно чамецот, прими југословенски државјани противно на одредбата на член 11 од оваа уредба;

6) ако го напушти крајбрежното море, односно река или езеро или повторно вплови во тие води, а не му се пријави на надлежниот орган заради заверување на заминувањето или доаѓањето (чл. 12 и 13).

Член 17

Со парична казна од 300 до 2.000 динари ќе се казни за поморски прекршок, односно за прекршок на внатрешната пловидба заповедникот на јахтата, односно водителот на чамецот:

1) ако вплови во делови на крајбрежното море или лука, односно реки и езера или пристаништа во кои е забранета пловидбата (член 8);

2) ако врши превоз на предмети и лица противно на одредбата на член 9 од оваа уредба.

Член 18

Со парична казна од 1.000 до 10.000 динари ќе се казни за поморски прекршок, односно за прекршок на внатрешната пловидба спортската или друга организација што како организатор на спортското натпреварување не ги пријави учесниците во спортското натпреварување според одредбите на член 14 од оваа уредба, а одговорното лице во таа организација — со парична казна од 200 до 1.000 динари.

Член 19

Со парична казна од 100 до 500 динари ќе се казни за прекршок поединец ако противно на одредбите на член 11 од оваа уредба престојува на јахта или чамец без дозволата од член 11 на оваа уредба.

Член 20

Со денот на влегувањето во сила на оваа уредба престанува да важи Уредбата за пристапот, минувањето и престојот на странски јахти и чамци наменети за разонода или спорт во крајбрежното море на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 32/71).

Член 21

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 337
15 мај 1975 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ**, с. р.

НАЗИВ НА ОРГАНОТ (МЕСТО ЗА ТАКСА)
Рег. бр. ———

ОДОБРЕНИЕ ЗА ПЛОВИДБА

Се одобрува странска јахта — чамец

(име, односно ознака)

со знаме ——— на лука — пристаниште на упис-от односно на припадноста ——— BRT — истиснување ——— должина ——— широчина ——— височина ——— газење ——— вид погон (едро, мотор) ——— јачина на погонот ——— со уреди ———

(број на приемникот, предавателот, радиогониометарот, радарот и сл.) ——— и со други технички уреди

(апарат за подводно снимање и сл.)

под заповедништво на јахтата — водителот на чамецот ——— државјанин ———
(звање презиме и име)

вид и број на патната исправа ———

со ——— членови на екипажот и ———

——— други лица на јахтата-чамецот, во времето од ——— до ——— да може да плови, пристанува и да котви во сите луки и други делови на крајбрежното море на Југославија — пристаништа и други места на реки и езера на кои се врши меѓународна пловидба, освен во оние делови на крајбрежното море — на местата на реките и езерата на Југославија што се наведени во точ. од I до V на ова одобрение.

I. Забранети зони на пловидбата во крајбрежното море — на реките и езерата на Југославија се:

———
———
———

II. Забрането е движење на бреговите од островите и нивните делови и на бреговите од копното без посебна дозвола, и тоа во овие подрачја:

———
———
———

III. Со подводни активности (нуркање со употреба на нуркачка опрема, фотографирање и снимање филмови под морската површина и секое истражување на особините на морето и на морското дно — реките и езерата и нивното дно) е дозволено, врз основа на одобрението бр. ———— од ————, да се занимава во делови на крајбрежното море — на реките и езерата на Југославија, и тоа на овие подрачја:

IV. Забрането им е на странски јахти и чамци да пловат по зоните на југословенското територијално море — југословенските реки и езера во кои пловидбата ќе биде привремено запрена или ограничена, што се објавува во „Оглас за поморци" — „Службен лист на СФРЈ".

V. Другите ограничувања во поглед на пловидбата, котвењето и пристанувањето, како и ограничувањата на движењето на лицата со бродови и чамци на бреговите на крајбрежното море — реките и езерата на Југославија се видно означени со меѓународниот знак — таблици со натпис „Забранет пристап и фотографирање".

VI. Одобрението ѝ се издава на странска јахта, односно чамец во една од следните луки — пристаништа, што се постојани или сезонски гранични премини:

Постојани поморски — речни и езерски гранични премини:

Сезонски поморски — речни и езерски гранични премини:

Ако чамецот се довезува по копнен пат, барањето за добивање одобрение за пловидба се поднесува, пред започнувањето на пловидбата, до лучката капетанија или нејзината испостава, односно капетанијата на пристаништето.

VII. Одобрението за пловидба важи за неограничен број впловувања, односно испловувања од крајбрежното море — реките и езерата на Југославија.

При секое ново впловување или испловување од крајбрежното море — реките и езерата на Југославија, заповедникот на јахтата, односно водителот на чамецот е должен да ѝ се пријави на лучката капетанија или нејзината испостава — капетанијата на пристаништето во една од луките — пристаништата од точка VI на ова одобрение заради заверка.

Повторно впловување на јахта, односно чамец во крајбрежното море — реки и езера на Југославија може да се завери ако се исполнети условите од член 5 на Уредбата за доаѓање на странски јахти и странски чамци, наменети за разонода или спорт, во крајбрежното море и реките и езерата на Југославија и за престој на тие јахти и чамци во тие води.

Ако чамецот се враќа во странство по копнен пат, водителот на чамецот може заминувањето, заради заверка, да ѝ го пријави на која и да е капетанија или нејзина испостава.

VIII. Заверениот попис на екипажот и список на лицата на јахта, односно чамец се составен дел на одобрението за пловидба.

(место и датум) (потпис на овластеното лице)

М. П.

1. Допатувал на ———— од ———— со ————
членови на екипажот и со ———— патници.
Отпатувал на ———— за ———— со ————
членови на екипажот и со ———— патници.

(место и датум) (потпис на овластеното лице)

М. П.

2. Допатувал на ———— од ———— со ————
членови на екипажот и со ———— патници.
Отпатувал на ———— за ———— со ————
членови на екипажот и со ———— патници.

(место и датум) (потпис на овластеното лице)

М. П.

Попис на екипажот на јахтата — чамецот ————

| Реден број | Презиме и име | Функција на јахтата-чамецот | Датум и место на раѓањето | Државјанство | Број на поморската бродарската книшка (патна исправа) | Заверка |
|---|---|---|---|---|---|---|

———— 197— година

Заповедник на јахтата — водител на чамецот

Список на другите лица на јахтата-чамецот ————

| Реден број | Презиме и име | Датум и место на раѓањето | Државјанство | Лука — пристаниште на качувањето | Лука — пристаниште на слегувањето | Број на пасошот | Заверка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|

———— 197— година

Заповедник на јахтата — водител на чамецот

**339.**

Врз основа на член 17 став 2 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и на народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/72), во врска со одредбите на глава II оддел 5 на Резолуцијата за основите на заедничката политика на економскиот и социјалниот развој на Југославија во 1975 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 66/74), Сојузниот извршен совет утврдува

## ДОПОЛНЕНИЕ НА ОСНОВИТЕ НА ЗАЕДНИЧКАТА КРЕДИТНО-МОНЕТАРНА ПОЛИТИКА ВО 1975 ГОДИНА

1. Во Основите на заедничката кредитно-монетарна политика во 1975 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 4/75) во точка 2 став 1 под 2 по зборот: „банките" се додаваат запирка и зборовите: „домашните кредитори на банките".

2. Ова дополнение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 339
15 мај 1975 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ, с. р.**

**340.**

Врз основа на член 1 став 2 од Законот за посебната такса на увезени стоки („Службен лист на СФРЈ", бр. 31/70), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА
### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СТОКИТЕ НА КОИ ПРИ УВОЗОТ СЕ ПЛАЌА ПОСЕБНА ТАКСА

1. Во Одлуката за определување на стоките на кои при увозот се плаќа посеба такса („Службен лист на СФРЈ", бр. 33/74, 54/74, 9/75, 21/75, 22/75 и 24/75) во точка 2 став 1 по тарифниот број 73.12/1а се додава нов тарифен број, кој гласи:

„88.02/1 Авиони за патничкиот сообраќај, со најмалку пет патнички седишта".

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 338
15 мај 1975 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ, с. р.**

**341.**

Врз основа на член 31 став 1 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ОДРЕДУВАЊЕ МАКСИМАЛНИ ЦЕНИ ЗА ВЕШТАЧКИ ЃУБРИЊА И ПЕСТИЦИДИ

1. Во Одлуката за одредување максимални цени за вештачки ѓубриња и пестициди („Службен лист на СФРЈ", бр. 33/73, 12/74, 30/74 и 39/74) точка 9 се менува и гласи:

„9. Производителските организации на здружениот труд можат спогодбено, во рамките на Стопанската комора на Југославија, да ги зголемат своите постојни цени за пестициди, освен за син камен, и тоа во просек до 18%. На постигнатата спогодба согласност дава Сојузниот завод за цени."

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 340
15 мај 1975 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ, с. р.**

**342.**

Врз основа на член 45 став 3 од Законот за финансирањето на федерацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 35/72, 63/72 71/73 и 4/75), сојузниот секретар за финансии издава

## НАРЕДБА
### ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ ЕВИДЕНЦИЈА ЗА КОРИСТЕЊЕТО НА СРЕДСТВАТА ПРЕДВИДЕНИ ВО БУЏЕТОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА 1975 ГОДИНА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОТТИКНУВАЊЕТО И УНАПРЕДУВАЊЕТО НА ТРГОВСКАТА РАЗМЕНА СО СТРАНСТВО

1. Заради следење на користењето на средствата предвидени во Буџетот на федерацијата за 1975 година за финансирање на поттикнувањето и унапредувањето на трговската размена со странство, Службата на општественото книговодство на Југославија води евиденција за обемот, структурата и начинот на користење на тие средства (во натамошниот текст: евиденцијата за користење на средствата).

2. Службата на општественото книговодство на Југославија (во натамошниот текст: Службата) води евиденција за користење на средствата врз основа на документацијата, што ќе ја пропише надлежниот сојузен орган и што ја доставува до Службата, кон налозите за исплата, Народната банка на Југославија.

3. Евиденцијата за користење на средствата треба да содржи податоци за исплатените разлики по одделни видови враќања на делот на приходите на федерацијата по извозот и увозот. Податоците се искажуваат по стопанските гранки и области, како и по режимите на пресметките.

4. Податоците од точка 3 на оваа наредба се искажуваат во евиденцијата за користење на средствата вкупно за Југославија, посебно за конвертибилното валутно подрачје, земјите во развој и источно-европскиот клиринг, за секоја земја во рамките на определеното девизно подрачје и за секоја република, односно автономна покраина по корисниците на средствата и по производите од Номенклатурата на Царинската тарифа.

5. Службата е должна определени податоци од евиденцијата за користење на средствата да доставува до Сојузниот секретаријат за финансии до 15-ти во месецот за период од 1 јануари до крајот на претходниот месец.

По исклучок од одредбата на став 1 од оваа точка, податоци по производите од Номенклатурата на Царинската тарифа од точка 4 на оваа наредба се доставуваат во рок од 30 дена од денот на истекот на тримесечјето.

6. Со денот на влегувањето во сила на оваа наредба престанува да важи Наредбата за начинот

на водење евиденција за користењето на средствата предвидени во Буџетот на федерацијата за 1975 година за финансирање на поттикнувањето и унапредувањето на трговската размена со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/75).

7. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 8-2439/3
14 мај 1975 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
**Момчило Џемовиќ**, с. р.

---

**343.**

Врз основа на член 59 став 1, во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА БРОШУРАТА „NEKJE JE LUČ"

Се забранува внесувањето во Југославија и растурањето на брошурата „Nekje je luč" од Винко Беличич, што е печатена на словенечки јазик во Трст, Италија.

Бр. 650-7-39/3
29 април 1975 година
Белград

Заменик-сојузен секретар
за внатрешни работи,
**Драшко Јуришиќ**, с. р

---

**344.**

Врз основа на член 216 од Законот за воздушната пловидба („Службен лист на СФРЈ", бр. 33/73), во спогодба со претседателот на Сојузниот комитет за здравство и социјална заштита, директорот на Сојузната управа за цивилна воздушна пловидба пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА МЕРИЛАТА НА ТЕЛЕСНАТА И ДУШЕВНАТА СПОСОБНОСТ НА ВОЗДУХОПЛОВНИОТ ПЕРСОНАЛ И ЗА БОЛЕСТИТЕ И ПОВРЕДИТЕ ПО КОИ МОРА ДА СЕ ИЗВРШИ ЛЕКАРСКИ ПРЕГЛЕД

#### I. Општи одредби

Член 1

Со овој правилник се определуваат мерилата и начинот на утврдување на телесната и душевната (здравствената) способност на воздухопловниот персонал, заради здобивање со дозволи за вршење на определени стручни и други работи во врска со воздушната пловидба, како и болестите и повредите по кои мора да се изврши лекарски преглед.

Член 2

Утврдувањето на здравствената способност на воздухопловниот персонал според овој правилник се врши врз основа на лекарски прегледи што ги вршат:

1) лекарите што ќе ги овласти Сојузната управа за цивилна воздушна пловидба;
2) воздухопловно-лекарските комисии;
3) Вишата воздухопловно-лекарска комисија.

Член 3

За утврдување на здравствената способност на воздухопловниот персонал според овој правилник можат да бидат овластени само оние лекари од член 2 точка 1 на овој правилник (во натамошниот текст: овластените лекари) што успешно го завршиле школувањето во Воздухопловно-медицинскиот институт според програмата што ја пропишува Сојузната управа за цивилна воздушна пловидба.

Член 4

Воздухопловно-лекарската комисија се состои од лекари од следните специјалности: интернист-кардиолог, оториноларинголог, офталмолог и невропсихијатар, а ако се вршат психолошки прегледи (тестирање) — и психолог.

Составот на воздухопловно-лекарската комисија (во натамошниот текст: лекарската комисија) го определува директорот на Сојузната управа за цивилна воздушна пловидба.

Лекарските комисии ја вршат својата работа во здравствени установи што имаат специјализирана опрема за воздухопловно-медицинска експертиза (барокомора, апарати за симултано регистрирање на повеќе физиолошки параметри, вестибулометрија и аудиометрија — купулометрија).

Член 5

Вишата воздухопловно-лекарска комисија (во натамошниот текст: Вишата лекарска комисија) се состои од три члена, што ги именува директорот на Сојузната управа за цивилна воздушна пловидба.

Член 6

Лекарските прегледи за утврдување на здравствената способност на воздухопловниот персонал ги вршат овластените лекари и лекарските комисии по барање на лицето што сака да се подложи на преглед, односно по барање на организација на здружен труд или друга самоуправна организација и заедница, или по барање на Сојузната управа за цивилна воздушна пловидба.

Лицето што ќе се подложи на лекарскиот преглед од став 1 на овој член за категоријата А (член 14 став 1 точка 1) мора да поднесе документација за својата здравствена состојба (здравствен картон и др.).

Член 7

Лекарските комисии вршат први редовни лекарски прегледи и вонредни лекарски прегледи на воздухопловниот персонал распореден во категориите А, В и С (член 14 став 1 точ. 1, 2 и 3) и редовни лекарски прегледи на воздухопловниот персонал распореден во категоријата А (член 14 став 1 точка 1).

Член 8

Овластените лекари вршат први редовни лекарски прегледи на воздухопловниот персонал распореден во категоријата D (член 14 став 1 точка 4), редовни лекарски прегледи на воздухопловниот персонал распреден во категориите В, С и D (член 14 став 1 точ. 2, 3 и 4) и прегледи на воздухопловниот персонал помеѓу два редовни прегледа.

Член 9

Ако при редовните лекарски прегледи се утврди здравствена состојба што отстапува од категориите на телесната и душевната способност пропишани со овој правилник, лицето може да биде огласено за способно:

1) ако неговата здравствена состојба е таква што да не може да предизвика неспособност за вршење на должноста;

2) ако неговите евентуални недостатоци се функционално компензирани;

3) ако неговата професионална способност, вештина и искуство се такви што да може да го надомести утврдениот недостаток.

Член 10

Ако при редовниот лекарски преглед се утврди здравствена состојба што бара посебен третман, може да се донесе решение за здравствената способност со определени ограничувања (скратувања на времето на летањето, скратување на рокот на важењето на донесеното решение, ограничување за инструментално летање, ограничување за летање на долги линии, ограничување во вршењето на должноста на прв пилот, обусловување на користењето на очила во текот на летањето и др.).

Член 11

Ограничувањата предвидени во чл. 9 и 10 од овој правилник при редовните лекарски прегледи можат да ги утврдуваат лекарските комисии и Вишата лекарска комисија.

Член 12

Лекарските прегледи на воздухопловниот персонал што врши летачки должности задолжително се вршат по прележаните болести наведени во чл. 20 и 21 од овој правилник, како и по претрпените повреди што ја намалуваат нормалната функција на некој орган.

Член 13

Овластениот лекар, односно лекарска комисија донесува решение за здравствената способност на лицето што се подложува на лекарски преглед, за определената категорија на телесна и душевна способност.

Против решението од став 1 на овој член може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на доставувањето на решението до Вишата лекарска комисија преку Сојузната управа за цивилна воздушна пловидба.

По жалбите се решава врз основа на медицинската документација добиена со прегледите и испитувањата во медицинските институции, како и врз основа на добиените мислења од медицинските и воздухопловните стучњаци.

Ако Вишата лекарска комисија при решавањето по жалба утврди дека првостепената постапка за утврдување на здравствената способност била непотполна, може самата да ја надополни таа постапка на тој начин што ќе ги спроведе потребните прегледи и ќе побара да се прибаваат нови наоди.

Решението на Вишата лекарска комисија е конечно.

Решение за оспособување на пилот и за враќање на поранешната должност донесува Вишата лекарска комисија по барање на лицето што било огласено за неспособно.

Член 14

Со овој правилник се утврдуваат следните категории на телесна и душевна способност, и тоа:

1) категорија А, во која спаѓаат: сообраќајните пилоти, постарите сообраќајни пилоти, сообраќајните пилоти на хеликоптер, постарите професионални пилоти, инспекторите на безбедноста на пловидбата за летачкиот персонал на сообраќајната авијација, инструкторите на летањето во воздушниот сообраќај и инструкторите за линиско летање;

2) категорија В, во која спаѓаат: професионалните пилоти, професионалните пилоти на хеликоптер, навигаторите-летачи, радиотелеграфистите-летачи, механичарите-летачи, контролорите на летањето, наставниците по моторно летање, наставниците по едриличарство, наставниците по падобранство и инструкторите-навигатори;

3) категорија С, во која спаѓаат: спортските пилоти, спортските пилоти на хеликоптер, пилотите на едрилици, пилотите на слободен балон, падобранците, помошниот летачки персонал, имателите на дозволи за постојано качување на воздухоплов и постојано летање со воздухплов, учениците-летачи, инструкторите на безбедноста на воздушната пловидба за летачкиот персонал на спортската и стопанската авијација, инспекторите на безбеноста на воздушната пловидба на едриличарството, инспекторите на безбедноста на воздушната пловидба на падобранството, инструкторите на радиотелеграфистите-летачи, инструкторите на механичарите летачи и верификаторите летачи;

4) категорија D, во која спаѓаат: воздухопловно-техничкиот персонал, воздухопловно-техничките контролори на летањето, персоналот на службата за врска, воздухопловните диспечери, инспекторите на безбедноста на воздушната пловидба за аеродромите и инспекторите на безбедноста на воздушната пловидба за воздухопловите.

Лекарската комисија врз основа на телесната и душевната способност на пилотот донесува решение за тоа дали пилотот што ги исполнува здравствените услови за категоријата А од точка 1 став 1 на овој член е способен да се обучува за капетан на млазен воздухоплов.

Лекарската комисија по извршениот вонреден лекарски преглед донесува решение за тоа дали пилотот што бил капетан, односно прв пилот и што, со оглед на телесната и душевната способност, ги исполнува условите за категоријата А од точка 1 став 1 на овој член, може и натаму да биде капетан, односно прв пилот или втор пилот на млазен воздухоплов.

Пилотите, навигаторите и механичарите летачи во јавниот воздушен сообраќај на патници можат да ги вршат работите за кои се оспособени најдолго до 60 години возраст.

## II. Мерила за утврдување на здравствената способност

Член 15

Лицето што спаѓа во категоријата А, мора да ги исполнува следните услови во поглед на здравствената состојба:

1) да не боледува од никаква акутна или хронична болест и да нема вродени наследни или стечени аномалии што би можеле да ја доведат во прашање безбедноста на летањето;

2) да е правилно развиено и во добра физичка кондиција; односот на височината и телесната тежина да му е во границите на нормалата; виталниот капацитет да не е под 3.000 ccm — за жена и 3.500 ccm — за маж; апнејата да не трае под 40 секунди за двата пола; да нема анатомски растројства; да нема поголеми лузни; да има кожа на телото еластична и мазна; да има ингвинални пропусти цврсти; да има заби здрави (кариозни поправени или извадени); да има надворешни делови на очите и на очните аднекси анатомски и функционално исправни; да има анатомски и функционално исправни уши, нос и грло;

3) да има интегритет на срцево-садовен апарат анатомски и функционално во физиолошките граници; да има анатомски и функционално нормален респираторен систем во физиолошките граници; да има систем за варење, ендокрини жлезди и сите сетила во физиолошките граници; да има потполн интегритет на нервниот систем, запазеност на мотилитетот и на грубата сила; да има запазеност на тонусот и на трофиката на мускулите; да има запазеност на физиолошките рефлекси и на сензибилитетот; да има нормална координација на движењата и рамнотежата, јасен и разбирлив говор; да нема напади што доведуваат до губење на свеста, од која и да било етиологија;

4) да е психички здраво, без невротични и психотички симптоми; да ја емоционално стабилно и зрело (личност добро интегрирана, урамнотежена, способна да ги контролира своите емоции, отпорна на стресови и фрустрации, автокритична, самостојна, решителна, истрајна, социјално приспособлива, способна да прифаќа реалност); општата интелигенција, брзината и точноста на забележувањето, брзината и точноста на едноставните сметковни дејствија, визуелното паметење, претставувањето на положбата на објектите во тридимензијалниот систем, заклучувањето за положбата на воздухопловот во просторот врз основа на покажувањето на инструментите и координираната перцептивно-моторна активност — да се на горната граница на просекот или над просекот;

5) загубата на слухот на секое уво утврдена со испитување во тивка комора да не му е поголема од 30 децибели за фреквенции од 500, 1.000 и 2.000 цикла во секунда, односно да не е поголема од 40 децибели за фреквенции од 4.000 цикла во секунда. Ако при редовен преглед се утврди загуба на слухот поголема од пропишаната, мора да се изврши говорна аудиометрија под акустични околности на летањето така што утврдената крива линија, освен поместувањето во интензитетот, да мора да го покажува својот физиолошки облик. Лицето мора да чуе шепот од оддалеченост од 4 метра, а говор со средна јачина од оддалеченост од 6 метра од испитувачот, под услов да е свртено со грбот кон испитувачот;

6) острината на видот на секое око, без корекција или со корекција, да не му е послаба од 0,9 (9/10), при ограничување видот без корекција на секое око да не смее да му биде послаб од 0,70; хиперметропијата да не му е поголема од 2 диоптрии: myopia да не е поголема од 0,50 диоптрии; astigmatismus hypermetropicus simlx. com. и mixtus да не е поголем од една диоптрија; myopicus да не е поголем од 0,50 диоптрии; акомодацијата на видот да им одговара на годините на возраста; стетеоскопскиот и ноќниот вид, видното поле и окуломоторната функција на окото да му се нормални; да распознава бои читајќи псевдохроматски таблици (ако направи повеќе од две грешки при читањето на псевдохроматските таблици, мора да распознава бои на Lantern-тест).

Член 16

Лицето што спаѓа во категоријата B, мора да ги исполнува следните услови во поглед на здравствената состојба:

1) да не боледува од никаква потешка акутна или хронична болест, да нема вродени наследни или стечени аномалии што би можело да ја доведат во прашање безбедноста на летањето;

2) да е правилно развиено и во добра физичка кондиција; односот на телесната височина и тежината да не е значително нарушен; виталниот капацитет да не е под 3.000 ccm за двата пола; апнејата да не трае под 40 секунди за двата пола; да нема анатомски растројства; да нема поголеми лузни; да има кожа на телото еластична и мазна; да има ингвинални пропусти цврсти; да има заби здрави (кариозните поправени или извадени); да има надворешни делови на очите и очните аднекси анатомски и функционално исправни; да има анатомски и функционално исправни уши, нос и грло;

3) да има срцево-садовен апарат анатомски и функционално во физиолошките граници; да има респираторен систем анатомски и функционално во физиолошките граници нормален; да има систем за варење, ендокрини жлезди и сите сетила во физиолошки граници; да има интегритет на нервниот систем со евентуално лесно оштетување на периферниот нервен систем а без оштетување на функцијата или со лесно намалување на функцијата;

4) да е психички здраво, со благо отстапување во доменот на емоциалната стабилност и зрелост, што тоа ги решава со нормални одбранбени механизми и што е без влијание врз професионалната адаптација на летачот; неговата општа интелигенција, брзина и точност на забележувањето, брзината и точноста на едноставните сметковни операции, визуелното паметење, и координираната перцептивна моторна активност да се во границите на просекот;

5) загубата на слухот на секое уво, утврдена со испитување во тивка комора, да не е поголема од 30 децибели за фреквенции од 500, 1.000 и 2.000 цикла во секунда, 40 децибели за фреквенции од 3.000 цикла во секунда, 50 децибели за фреквенции од 4.000 цикла во секунда;

Ако при испитувањето од став 1 на оваа точка се утврди дека загубата на слухот е поголема, тоа мора да чуе шепот од оддалеченост од 3 метра, а говор со средна јачина од оддалеченост од 5 метра од испитувачот, под услов да е свртено со грбот кон испитувачот;

6) острината на видот на секое око, без корекција или со корекција, да не му е послаба од 0.9 (9/10), со ограничување без корекција на секое око да не смее видот да му биде послаб од 0.40 (4/10);

7) нормално да распознава бои на Lantern-тест.

Член 17

Лицето што спаѓа во категоријата C, мора да ги исполнува следните услови во поглед на здравствената состојба:

1) да нема никакво вродено наследно или стечено заболување или состојба што би можела да предизвика таков степен на функционална слабост што би му оневозможила ракување со воздухопловот, односно вршење на службата во нормални услови на летањето;

2) да е правилно развиено и односот на неговата височина и тежина на телото да не укажува на патолошки состојби; виталниот капацитет да не е под 3.000 ccm за двата пола; апнејата да не трае под 40 секунди за двата пола; да нема поголеми анатомски растројства; да нема поголеми лузни; да има ингвинални пропусти цврсти; да има заби здрави (кариозните поправени или извадени); надворешните делови на очите и очните аднекси да му се функционално исправни; анатомски и функционално да му се исправни ушите, носот и грлото;

3) да има срцево-садовен апарат анатомски и функционално во физиолошките граници; да има функционално нормален респираторен систем; да има систем за варење, ендокрини жлезди и сите сетила во физиолошките граници; да не му е акутно или хронично заболен централниот и периферниот нервен систем;

4) да е психички здраво; да нема психотични симптоми и трајни невротични симптоми; да нема растројство во структурата на личноста, што ја нарушуваат социјалната и професионалната адаптација; неговата општа интелигенција или механичкото заклучување, брзината и точноста на забележувањето и психомоторните функции да се просечни или најмалку на долната граница на просекот;

5) во поглед на слухот да ги исполнува условите пропишани во член 16 точка 5 став 2 на овој правилник;

6) во поглед на видот и распознавањето на боите да ги исполнува условите пропишани во член 16 точ. 6 и 7 на овој правилник.

Член 18

Лицата што спаѓаат во категоријата D, мораат да ги исполнуваат здравствените услови потребни за стекнување на својството на работник во здружениот труд, со тоа што психичкото здравје, видот и слухот на тие лица да им одговараат на условите предвидени за категоријата C.

Лицата што спаѓаат во категоријата D, мораат еднаш во 12 месеци да се подложат на лекарски преглед.

### III. Трајна неспособност

Член 19

Ако при лекарскиот преглед на лицата што спаѓаат во категориите А, В и С од член 14 став 1 на овој правилник се утврди дека се заболени или повредени, односно дека имаат наследни или стечени мани или се утврдат други патолошки состојби што влијаат врз вршењето на летачките должности, овластениот лекар, односно надлежната лекарска комисија донесува решение за трајна неспособност на таквото лице за вршење на тие должности.

Член 20

Трајна неспособност за летачка должност предизвикуваат следните заболувања:

1) заболување на срцето: хипертрофија и дилатација на срцето докажани со клинички електрокардиографски и рендген-прегледи; конгенитални заболувања на срцето следени со проширување на срцето со електрокардиографски промени и со неадекватна оксигенација на миокардот; хроничен перикардитис; ендокардитис; миокардитис; аортални стенози и инсуфициенции; митрална стеноза и инсуфициенција; декомпензирана миокардиопатија;

2) заболување на белите дробови и на градниот кош: бронхиектазии од тежок степен; емфизем со намалување на респираторната функција; фиброза на белите дробови што ги намалува респираторните функции; спонтан пневмоторакс; цистични бели дробови; бронхијална астма со компликации;

3) заболувања на абдоменот и абдоминалните органи: hiatus hernia со симптоми; хронични заболувања на абдоминалните органи со потешки функционални растројства;

4) заболување на крвотворните органи и на васкуларниот систем: полицетемија вера; болест „Burger"; болест „Raynaud"; и тромбофлебитис рецидивирачки;

5) заболување на генитоуринарниот систем: состојба по нефректомија, ако е следена со повишен крвен притисок или со намалување на функцијата во преостанатиот бубрег; хроничен нефритис со симптоми; нефроза, без оглед на етиологијата; хидронефроза со намалување на функциите на бубрезите; пиелитис и пиелонефритис, со намалување на функциите на бубрезите; полицистична болест на бубрезите;

6) заболувања на ендокриниот систем: дијабетес инсипидус; хипотиреоза; Адисонова болест или синдром; Кушингова болест или синдром; хиперинсулинизмус;

7) невролошки заболувања ако постои медицинска документација: за повреда на главата со загуба на свеста над 30 минути и со трајни невролошки симптоми или психички растројства; за повреда на главата со загуба на свеста над 2 часа и ако не постојат последици; за хируршки зафати на мозокот; за крвавења — субарахноидални; за интрацеребрални и други; за епилепсија; за необјаснети растројства на свеста; за запаливи и дегенеративни заболувања на мозокот и на 'рбетниот мозок; за васкуларни заболувања на мозокот, вклучувајќи и церебрални инциденти (тромбози и емболии);

8) психијатриски заболувања: емоционална незрелост и растројства на односувањето и на карактерот, доволно тешки што да оневозможуваат социјална и професионална адаптација; хроничен алкохолизам со психотични растројства; наркоманија; психози и психоневротски растројства долготрајно декомпензирани, често рецидивирачки, ако се одразуваат врз професионалната адаптација и го отежнуваат безбедното вршење на службата;

9) заболувања на горните и долните екстремитети, ако оневозможуваат безбедно вршење на должноста поради состојба по ампутација на кој и да било дел на екстремитетот со оштетување на функцијата на екстремитетот, атрофија на кој и да било мускул што ја намалува функцијата на екстремитетот; деформитети, конгенитални или стечени, како последица на малнутриција; фрактура, анкилоза на зглобовите или траума; ограничени движења на поголемите зглобови и остеомиелитис со фистули или без нив;

10) заболувања на другиот мускулноскелетен систем: ако оневозможуваат безбедно вршење на должноста поради деформитет и анкилоза на 'рбетниот столб, последица на церебрални парализи; миастенија гравис; мускулна атрофија и други миопатии и дискус хернија со присутни радикуларни симптоми или со чести рецидиви;

11) заболувања на кожата и на лимфните жлезди: неврофиброматоза со придружни симптоми на централниот нервен систем;

12) оториноларинголошки заболувања: деформитети на лицето или главата што оневозможуваат носење на летачка опрема; хроничен атрофичен ринитис од тежок степен; алергичен ринитис од тежок степен; трајни промени на гласните жици што го отежнуваат говорот; поголеми атхезии на мекото непце и на фаринксот што го отежнуваат говорот и респирацијата; хронични заболувања и растројство на внатрешното уво; трајни растројства на барофункцијата; хронични гнојни еднострани или обострани воспаленија на средното уво; хронично воспаление на средното уво; хронично воспаление на ушната школка што го попречува носењето на слушалки;

13) заболувања на окото: фиксационен нистагмус: кривогледост; глауком; рецидивирачки хориоретинитис; аблација на ретина; ретинитис пигментоза; отсуство на една или на двете леќи; парализа на мускулот на очното јаболко;

14) малигни заболувања.

### IV. Привремена неспособност

Член 21

Ако при лекарскиот преглед на лицата што спаѓаат во категориите А, В и С од член 14 став 1 на овој правилник се утврди дека се заболени или повредени, односно дека имаат наследни или стечени мани или се утврдат патолошки состојби што влијаат врз вршењето на летачките должности, овластениот лекар, односно лекарската комисија донесува решение за привремена неспособност на таквото лице за вршење на тие должности до излекувањето.

Привремена неспособност предизвикуваат следните заболувања, односно состојби:

1) заболувања на белите дробови и градниот кош: бронхоплеврални фистули; состојба по лобектомија додека не се нормализираат респираторните функции, а најмалку 6 месеци по операција; активна туберкулоза до излекувањето; апсцес и микотични заболувања на белите дробови, плевритис со излив; емпием; пневматоракс артифицијален, 6 месеци по излекувањето;

2) заболувања на абдоменот и абдомалните органи: холелитијаза; акутен хепатитис и хроничен хепатитис, со знаци на намалување на функцијата на црноит џигер: ингвинална или феморална хернија со тенденција кон инкарцерација и странгулација; спленомегалија; состојба по оперативен зафат во абдоменот, зависно од видот на зафатот, а најмалку 3 месеци;

3) заболувања на крвотворните органи и на васкуларниот систем: периферен едем; синкопа; аневризма или артериовенска фистула;

4) заболувања на генитоуринарниот систем: камен на бубрезите и на мочните патишта; состојба по нефректомија и други хируршки интервенции, најмалку 3 месеци; протеинурија и еритрурија, додека не се исклучи системското или генитоуринарното заболување; гликозурија, додека не се открие причината;

5) заболувања на ендокриниот систем: хипертиреоза; изразито ендокрино растројство; метаболични и внатрешни растројства;

6) невролошки заболувања: повреда на главата со губење на свеста до 2 часа (ако не настапиле трајни последици, но летањето не може да се дозволи најмалку една година по претрпената повреда);

7) психијатриски заболувања: психоневротски растројства што ги оневозможуваат лицата што спаѓаат во категориите А, В и С безбедно да ги вршат должностите на воздухопловот (опсесивно-компулзивни реакции; конверзивна хистерија, дисоцијативни реакции, депресивни реакции, фобични реакции);

8) заболувања на горните и долните екстремитети: невралгии што ја намалуваат функцијата на екстремитетите;

9) заболувања на другиот мускулноскелетен систем: заболувања на зглобовите;

10) заболувања на кожата и на лимфните жлезди; аденопатии секундарни;

11) оториноларинголошки заболувања: фистула на вратот, конгенитална или стечена; малформација и опструкција на носот што ја отежнуваат респирацијата; хроничен пурулентен синуситис, и хронични воспаленија на средното уво без знаци на отитички процес;

12) заболувања на окото: птоза на капаците што влијае врз функцијата на видот; катаракта додека предизвикува последици врз видот; ретинални ексудати; хеморагии или едем на ретината; воспаленија на ретината; воспаленија на увото или на другите структури на окото; едем на папила, синехии предни и задни: зеници што не реагираат; нееднакви зеници, додека не се открие причината; отсуство на конвергирачка линија во кој и да било квадрат; неможност за конвергенција врз блиските објекти;

13) состојба во текот на употреба на лекови со: антихистаминициими; наркотици, барбитурати, лекови за подобрување на расположението, лекови за смирување и со антикинетици;

14) бенигни тумори.

## V. Посебни мерила за утврдување на здравствената способност на лицата што боледуваат од определени видови болести

### Член 22

Ако при лекарскиот преглед на лицата што спаѓаат во категориите А, В и С се утврди постоење на гризлица (чир) на желудникот или на дванаесетпрсното црево, таквото лице се смета за неспособно за вршење на летачките должности, освен во следните случаи:

1) ако од денот на излекувањето по извршената хируршка интервенција поминала една година, а рендгенолошките и лабораториските наоди не покажуваат рецидив или потешко оштетување на функцијата;

2) ако во текот на конзервативното лекување дошло до рендгенолошка санација, па по тоа нема тегоби во текот на 3 месеци, а лабораториските наоди се во границите на нормалата.

### Член 23

Ако при лекарскиот преглед на лицата од член 22 на овој правилник се утврди постоење на аритмија, таквите лица се сметаат здравствено способни за вршење на летачките должности само ако се открие:

1) синусна аритмија и повремени вентрикуларни екстрасистоли што исчезнуваат при напор;

2) тахикардија поради возбудување или напор;

3) брадикардија без знаци на А-V блок.

### Член 24

Лицата од член 22 на овој правилник ќе се сметаат за трајно неспособни, ако при лекарскиот преглед по електрокардиографски пат се утврдат следните растројства на спроведување:

1) комплетен блок;

2) блок на левата гранка;

3) блок на десната гранка, следен со конгенитални или органски заболувања.

Трајно неспособни се сметаат и лицата од член 22 на овој правилник кај кои електрокардиографскиот наод потврдува:

1) свеж или стар инфаркт на миокардот;

2) јасна инсуфициенција на коронарната оксигенација;

3) напрегање на вентрикулите.

### Член 25

Лицето што се распоредува во категоријата А, ако неговиот кардиоваскуларен систем е во нормални граници, при лекарскиот преглед мора да го има, зависно од годините на возраста, следниот артериски притисок:

| Години на возраст | Систолен притисок до | Дијастолен притисок до |
|---|---|---|
| од 20 до 29 | 140 | 88 |
| од 30 до 39 | 145 | 92 |
| од 40 до 49 | 155 | 96 |
| од 50 и повеќе | 160 | 98 |

Лицето што се распоредува во категоријата В или во категоријата С, ако неговиот кардиоваскуларен систем е во нормални граници, при лекарскиот преглед треба да го има, зависно од годините на возраста, следниот артериски притисок:

| Години на возраст | Систолен притисок до | Дијастолен притисок до |
|---|---|---|
| од 20 до 29 | 150 | 92 |
| од 30 до 39 | 155 | 98 |
| од 40 до 49 | 165 | 100 |
| од 50 и повеќе | 170 | 100 |

При лекарскиот преглед на лицата што се распоредуваат во категориите А, В и С пулсот не смее да изнесува повеќе од 100 во минута, ниту повеќе од 140 во минута по напор од 20 чучнувања во текот на 30 секунди со тоа што во текот на две минути пулсот треба да се врати на претходната вредност која може да биде наголемена за 10.

Лицата од став 3 на овој член кај кои во текот на лекарскиот преглед се појави пароксизмална тахикардија, односно брадикардија под 50 отчукувања во минута, се сметаат за неспособни.

### Член 26

Лицето од член 22 на овој правилник кај кое при лекарскиот преглед се утврди шеќерна болест која бара лекување со инсулин или со перорални антидијабетици, ќе се сметаат за трајно неспособни.

Лицето од член 22 на овој правилник кај кое во текот на прегледот се утврди шеќерна болест, ако шеќерната болест е од таква природа што гликемијата да може да се регулира со диета, а не постојат промени на очното дно, на миокардот, на бубрезите, на уринот и нема невролошки испади, ќе се смета за способно најдолго три месеци, со тоа што е должно по истекот на тој рок повторно да се подложи на лекарски преглед.

## VI. Начин на работата

Член 27

Ако овластениот лекар, односно лекарската комисија при прегледот утврди дека методите пропишани со овој правилник се недоволни за точна оцена на способноста, според своето наоѓање ќе го прошири обемот на прегледот и ќе бара дополнителни специјалистички прегледи и лабораториски наоди.

Член 28

Сите податоци што ќе се утврдат при лекарскиот преглед се внесуваат во Образецот бр. 1 пропишан со овој правилник.

Член 29

Анамнестичките податоци се земаат според Образецот бр. 1.

Во случај на позитивен одговор на лицето што се подложува на преглед, овластениот лекар, односно лекарската комисија е должна тој одговор подетално да го забележи.

При земањето на податоците лекарот е должен на лицето што се подложува на лекарски преглед да му обрне внимание на кривичната одговорност во случај на давање неточни податоци. Лицето што се подложува на лекарски преглед е должно во присуство на лекарот да ја потпише дадената анамнеза.

Член 30

Општиот преглед опфаќа:

1) мерење на телесната тежина и височина и оцена на конституцијата;

2) преглед на кожата и на видливите слузници;

3) преглед на усната празнина, непцата, забите, јазикот, непчените лакови, тонзилите и грлото, лимфните жлезди на главата и вратот;

4) утврдување на еластичноста на мускулите, на рамните табани, на деформитетите на телото, на ампутациите, на проширените вени и на ограниченоста на движењата.

Член 31

Интернистичкиот преглед опфаќа:

1) инспекција на главата и вратот , перкусија и аускултација на градниот кош;

2) аускултација на срцето, мерење на пулсот, крвниот притисок на двете раце и мерење на пулсот по 5 минути лежење, по 20 чучнувања и 2 минути по замор;

3) палпација на жлездите и на абдоминалните органи.

Член 32

За категоријата А и категоријата В електрокардиографски преглед се врши при секој лекарски преглед.

За категоријата С електрокардиографски преглед се врши еднаш во 12 месеци.

Член 33

Рендгенографија на срцето и белите дробови се врши за сите предвидени категории на способност при првиот лекарски преглед.

За категоријата А и категоријата В рендгенографија на срцето и белите дробови се врши еднаш во 24 месеци.

Рендгеноскопија на срцето и белите дробови се врши при секој лекарски преглед за категоријата А и категоријата В, а секои 12 месеци, за категоријата С.

Член 34

Оториноларинголошкиот преглед опфаќа:

1) риноскопија, фарингоскопија, ларингоскопија и отоскопија;

2) утврдување на спонтаниот нистагмус;

3) испитување на динамостиката со методот модифициран Romberg.

Член 35

Испитување на слухот се врши:

1) со тотална лиминарна аудиометрија при првиот преглед и подоцна еднаш годишно за категоријата А и категоријата В;

2) со шепот од 3 метра за секое уво, посебно за категоријата С.

Член 36

Офталмолошкиот преглед опфаќа:

1) надворешен преглед на окото и аднексот, подвижност на булбусот, облик, големина и реакција на зеницата на светлина и акомодација; испитување на конвергенцијата;

2) определување на видното поле со методот на конфронтација;

3) дигитално определување на тонусот на очните јаболка;

4) испитување на острината на видот со Snellen-овите таблици или со Ortoreter;

5) испитување на видот на близина со Jaeger — таблици;

6) испитување на колорниот вид со Ishiara — таблици или со Lantern — тест.

Член 37

Преглед на очното дно, испитување на форијата и определување на видното поле со периметрија се врши, и тоа:

1) кај сите лица што се подложуваат на лекарски преглед;

2) еднаш во 24 месеци за категоријата А и категоријата В.

Член 38

Невропсихијатрискиот преглед опфаќа:

1) испитување на рефлексот — бицепсот (пателарен, Ahilov, стомачен, Бабински, Hvostek);

2) утврдување на вазомоторната лабилност, потење;

3) испитување на дермографизмот;

4) утврдување на треморот (раце испружени, прсти раширени, очи затворени);

5) оцена на јасноста на говорот;

6) оцена на психичкиот статус од разговорот.

Член 39

Психолошкото тестирање се врши при првиот преглед за категориите А, В, С и D со помош на батерии, тестови и интервјуа насочени спрема професионалниот профил на лицето што се подложува на лекарски преглед.

Член 40

Лабораториските анализи опфаќаат:

1) хемограм (SE, Hb, еритроцити и леукоцити), хепатограм, уреа во крвта, шеќер во крвта и урин (спец. тежина alb., Fehling, и седимент) при првиот преглед за категориите А, В и С;

2) хемограм (SE, Hb, еритроцити и леукоцити) еднаш во 12 месеци за категоријата А и категоријата В;

3) урин (спец. тежина alb. Fehling и седимент при секој преглед за категоријата А и категоријата В и еднаш во 24 месеци за категоријата С;

4) проба на оптоварување со гликоза, при првиот преглед за категоријата А и категоријата В при прегледот на сите лица по наполнетата 40-та, 45-та и 50-та година возраст;

5) хепатограм при првиот преглед за категоријата А и категоријата В при прегледот на сите лица по наполнетата 40-та, 45-та и 50-та година возраст;

6) задолжителен RTG преглед на желудникот при првиот преглед за категориите А, В и С за сите лица по наполнетата 40-та и 50-та година возраст.

## VII. Медицинска документација

Член 41

Лекарската комисија, односно овластениот лекар е должен да ја води следната документација на здравствената евиденција, која опфаќа:

1) лист на комисиско-лекарскиот преглед на Образецот бр. 1 што се пополнува во 2 примерока. Првиот примерок (оригиналот) се доставува до Сојузната управа за цивилна воздушна пловидба, а вториот примерок (дупликатот) се прилага кон здравствената документација;

2) решение за здравствената состојба на Образецот бр. 2, кој му се предава на прегледаното лице;

3) решение по жалба, што го донесува Вишата воздухопловна лекарска комисија на Образецот бр. 3;

4) Книга за работата на овластениот лекар — лекарската комисија на Образецот бр. 4, што ја издава и заверува Сојузната управа за цивилна воздушна пловидба. Заверената книга Управата им ја предава на употреба на овластените лекари, односно на лекарската комисија. Книгата се пополнува според редоследот на извршените прегледи. По завршениот дневен преглед од страна на лекарската комисија, односно овластениот лекар книгата ја заверуваат со своите потписи членовите на лекарската комисија односно овластениот лекар;

5) Досие на здравствената евиденција на Образецот бр. 5. Во тоа досие се прилагаат дупликатите на листовите на комисиско-лекарскиот преглед и сета друга здравствена документација.

Член 42

Сите обрасци пропишани со овој правилник ги изработува Сојузната управа за цивилна воздушна пловидба и им ги доставува на употреба на овластените лекари, односно лекарски комисии.

Член 43

Обрасците бр. 1, 2, 3, 4 и 5 наведени во овој правилник, се отпечатени кон овој правилник и се негов составен дел.

## VIII. Завршни одредби

Член 44

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за мерилата на телесната и душевната способност на членовите на посадата на воздухоплов („Службен лист на СФРЈ", бр. 1/72).

Член 45

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 7190/1
5 мај 1975 година
Белград

Директор
на Сојузната
управа за цивилна
воздушна пловидба,
**Љубиша Кургус**, с. р.

**Образец бр. 1**

Овластен лекар — лекарска комисија

### ЛИСТ НА КОМИСИСКО-ЛЕКАРСКИОТ ПРЕГЛЕД

I. Лични и анамнестички податоци:
Презиме и име ———————— пол ———
Година на раѓањето ————. Дозвола за која се врши прегледот ————. Преглед прв редовен /————/ — редовен — вонреден /————/ за категоријата:
Должност што ја врши ————————
Воздухопловна организација ————————
Време на летањето од последниот преглед ————

| | да | не |
|---|---|---|
| Дали се занимавате со спорт | / / | / / |
| Дали пушите | / / | / / |
| Дали земате алкохол | / / | / / |
| Дали сте имале несреќа | / / | / / |
| Дали земате сега какви и да било лекови | / / | / / |
| Дали имате посебни склоности (хоби) | / / | / / |

Дали некогаш сте имале, боледувале, биле испитувани или лекувани поради:

| | да | не | | да | не |
|---|---|---|---|---|---|
| повишен крвен притисок | / / | / / | туберкулоза | / / | / / |
| тегоби од страна на срцето | / / | / / | шеќерна болест | / / | / / |
| несвестици | / / | / / | венерични заболувања | / / | / / |
| тегоби од страна на стомакот | / / | / / | други болести | / / | / / |
| камен или крв во мочот | / / | / / | оперирани | / / | / / |
| алергија | / / | / / | боледувања, прегледи и испитувања од последниот преглед за продолжување на важењето на дозволата | / / | / / |

Детали:

Дали некој во вашето семејство боледувал или е лекуван од:

| | да | не | | да | не |
|---|---|---|---|---|---|
| шеќерна болест | / / | / / | душевни заболувања | / / | / / |
| алергија | / / | / / | алкохолизам | / / | / / |
| рак | / / | / / | други заболувања | / / | / / |

II. Антропометриски и општи медицински прегледи:

Височина / cm/ тежина / kg/; конструкција / /
Лични знаци / /; динамометрија / /
Виталeн капацитет / cm³/;

| | П | Н | |
|---|---|---|---|
| Коски, зглобови, мускули | / / | / / | Детали: |
| Генито-уринарен систем | / / | / / | |
| Хируршки заболувања | / / | / / | |

Мислење: Потпис:

| III. Интернистички прегледи | П | Н | Детали: |
|---|---|---|---|
| Кожа и слузница | / / | / / | |
| Глава и врат | / / | / / | |
| Респираторен систем | / / | / / | |
| Кардиоваскуларен систем | / / | / / | |
| Абдомен | / / | / / | |
| Ендокринен систем | / / | / / | |
| EKG (датум) | / / | / / | |

Rö-pulmo (датум) / / / /
Rö-skopija / / / /
Rö-grafija / / / /
Време на апнејата
во лежечка положба непосредно по 20 чучнувања и по 2 минути

TA / / / /
Пулс / / / /
Дополнителни прегледи:
Лабораториски наоди:
Хемограм: SE / Hg./ / gr% L/ /
Урин: Sp. t. / / /, alb./, Fehl./ /, sed./
Други наоди:
Мислење: Потпис,

IV. Оториноларинголошки прегледи:

| | П | Н | Детали |
|---|---|---|---|
| Риноскопија | / / | / / | |
| Фарингоскопија | / / | / / | |
| Ларингоскопија | / / | / / | |
| Отоскопија | / / | / / | |
| Спонтани — Ny | / / | / / | |
| Romberg II | / / | / / | |
| Опит Unterberg | / / | / / | |

Тотална аудиометрија cps

| | лево | десно | 500 | 1000 | 2000 | 4000 | Шепот 6000 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Купулометрија | | | | | | | |

Дополнителни прегледи:
Мислење: Потпис,

V. Офталмолошки преглед:

| Надворешен преглед | | |
|---|---|---|
| Очно дно | / / | / / |
| Акомодација и конвергенција | / / | / / |
| Фории | / / | / / |
| Видно поле | / / | / / |
| Интраокуларна тензија | / / | / / |

| | на далечина без корекција | на далечина со корекција | на близина без корекција | на близина со корекција |
|---|---|---|---|---|
| лево | | | | |
| десно | | | | |

Колорен вид

| | Н | П | | Н | П | | Н | П |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ishiara | / | / | Lantern | / | / | Други | / | / |

Дополнителни прегледи:
Мислење: Потпис,

VI. Невропсихијатриски прегледи:

| | П | Н | Детали: |
|---|---|---|---|
| Мозочни нерви | / / | / / | |
| Периферни нерви | / / | / / | |
| Вазомоторни растројства | / / | / / | |
| Дермографизам | / / | / / | |
| Тремор | / / | / / | |
| Рефлекси | / / | / / | |
| Говор | / / | / / | |
| Психа | / / | / / | |

Други наоди:
Мислење: Потпис,

VII. Заклучок:

Dg.

/ / Кандидатот ги исполнува условите за категорија / / без ограничување / / — со ограничување / / и тоа / /.

/ / Оцената за способноста е донесена со примена на член 9 од Правилникот за мерилата на телесната и душевната способност на воздухопловниот персонал и за болестите и повредите по кои мора да се изврши лекарски преглед („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/75).

/ / Кандидатот е неспособен за вршење на летачките должности.

Книга на работата бр. / /
Датум / / / / / /
Место / /

Претседател на Комисијата,
овластен лекар,

Н. — Овластениот лекар го потпишува само заклучокот.

**Образец бр. 2**

На барање од _____
(име и презиме на лицето што се подложува на лекарски преглед)
_____, овластениот лекар
(име и презиме на лекарот)
_____ — лекарската комисија
(да се наведе која комисија)
_____ решавајќи за здравствената способност на _____
(име и презиме на лицето)
по извршениот лекарски преглед на _____
(датум)
врз основа на чл. 9 и 13 став 1 од Правилникот за мерилата на телесната и душевната способност на воздухопловниот персонал и за болестите и повредите по кои мора да се изврши лекарски преглед („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/75) донесува

Р Е Ш Е Н И Е

_____,
(име и презиме на лицето што се подложува на преглед)
роден _____, во _____ ги исполнува — не ги исполнува здравствените услови за категоријата _____ без ограничување — со ограничување, _____ и е способен — не е способен за вршење на должноста _____
(да се опише ограничувањето)
(да се наведе видот на работата)

Образложение

_____ се подложи на лекарски преглед, со барање со решение да се утврди дека е способен да ја врши должноста на _____ заради добивање дозвола за работа.
(име и презиме на лицето)
(да се наведе видот на работата)

По извршениот лекарски преглед, овластениот лекар — лекарската комисија утврди дека _____ (име и презиме на лицето) ги исполнува — не ги исполнува здравствените услови, и тоа: условите на општата здравствена состојба за категоријата ——; условите на психичкото здравје за категоријата ——; условите за распознавање на бои за категоријата ——; условите на слухот за категоријата ——.

Спрема тоа, ——————————— ги
(име и презиме на лицето)
исполнува — не ги исполнува здравствените услови за категоријата ——— без ограничување — со ограничување ——————————
(да се наведе ограничувањето)
и е способен — не е способен за вршење на должноста ——————————.
(да се наведе видот на работата)

Од изложеното, а врз основа на член 13 од Правилникот за мерилата на телесната и душевната способност на воздухопловниот персонал и за болестите и повредите по кои мора да се изврши лекарски преглед, е одлучено како во диспозитивот.

Против ова решение може да се изјави жалба до Вишата воздухопловно-лекарска комисија во рок од 15 дена од денот на доставувањето на решението. Жалбата се предава до Сојузната управа за цивилна воздушна пловидба.

Овластен лекар,
претседател на лекарската комисија,

——————————
(потпис)

**Образец бр. 3**

**По жалба на ——————————,**
**(име и презиме на жалителот)**
**од ——————— против решението на овластениот лекар**
(место)
——————————— лекарската комисија ——————— (да се
(име и презиме)
——————————, **бр.** ———, **од** ———,
**наведе која комисија)** (датум)
Вишата воздухопловно-лекарска комисија по извршениот лекарски преглед на ——————————
(датум)
врз основа на чл. 9 и 13 став 3 од Правилникот за мерилата на телесната и душевната способност на воздухопловниот персонал и за болестите и повредите по кои мора да се изврши лекарски преглед („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/75) донесува

Р Е Ш Е Н И Е

——————————, роден на ———
**(име и презиме на жалителот)** **(датум)**
во ——————— ги исполнува — не ги исполнува
**(место)**
здравствените услови за категоријата ——— без ограничување — со ограничување, ——————————
**(да се опише**
——————————— и е способен — не е способен за
**ограничувањето)**
вршење на должноста ——————————
(да се наведе видот на работата)

Образложение

Со решението на овластениот лекар — лекарската комисија бр. ——— од ——————————
(датум)
е утврдено дека ——————————
(име и презиме на жалителот)
не е способен за вршење на должноста ——————————
(да се наведе
——————————.
видот на работата)

Против наведеното решение ——————————
(име и презиме на
——————— изјави навреме жалба.
жалителот)

По завршениот лекарски преглед комисијата утврди дека ——————————
(име и презиме на жалителот)
ги исполнува — не ги исполнува здравствените услови, и тоа: условите на општата здравствена состојба за категоријата ———; условите на психичкото здравје за категоријата ———; условите на видот за категоријата ———; условите за распознавање на бои за категоријата ———; условите на слухот за категоријата ———.

Спрема тоа ——————————— ги
(име и презиме на жалителот)
исполнува — не ги исполнува здравствените услови без ограничување — со ограничување ——————————
(да се наве-
——————————— и е способен — не е способен за
дат ограничувањата)
вршење на должноста ——————————.
(да се наведе видот на работата)

Од изложеното, а врз основа на член 13 став 3 од Правилникот за мерилата на телесната и душевната способност на воздухопловниот персонал и за болестите и повредите по кои мора да се изврши лекарски преглед, е одлучено како во диспозитивот.

Против ова решение не е дозволена жалба.

Претседател на Комисијата,

——————————
(потпис)

**Образец бр. 4**

Насловна страна:

КНИГА НА РАБОТАТА НА ОВЛАСТЕНИОТ ЛЕКАР — ЛЕКАРСКАТА КОМИСИЈА

Членови на лекарската комисија:
Претседател на комисијата / / /
Специјалист интернист / / /
Специјалист оториноларинголог / / /
Специјалист офталмолог / / /
Специјалист невропсихијатер / / /
Специјалист психолог / / /
Овластување на СУЦВП бр. / / од/ /
/ / / / година.

Секој лист:

| Реден број | Датум | Презиме и име | Категорија | Оцена | Организација |
|---|---|---|---|---|---|

**Образец бр. 5**

Предна страна

КОРИЦИ ЗА ВЛОЖУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ

СОЈУЗНА УПРАВА ЗА ЦИВИЛНА ВОЗДУШНА ПЛОВИДБА — БЕЛГРАД

(Овластен лекар —лекарска комисија)

ДОСИЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЕВИДЕНЦИЈА

Презиме, татково име и име ——————————
Звање ——————————
Ден, месец и година на раѓањето ——— место на раѓањето ——————————
Воздухопловна организација

Задна страна

| Датум | Број на Книгата на работата | Оцена на способноста |
|---|---|---|

**345.**

Врз основа на член 216 став 1, во врска со член 127 од Законот за воздушната пловидба („Службен лист на СФРЈ", бр. 33/73), директорот на Сојузната управа за цивилна воздушна пловидба пропишува

# ПРАВИЛНИК
## ЗА ЛЕТАЛИШТАТА

### I. Општи одредби

Член 1

Со овој правилник се утврдуваат условите што мора да ги исполнува леталиште за безбедно полетување и слетување на воздухоплови што служат за работа со земјоделски цели, како и начинот на издавање одобренија за користење на леталиште.

Член 2

Леталиштето претставува земјиште со определени димензии со полетно-слетна патека, кое ги исполнува условите за летање на воздухоплови што служат за работа со земјоделски цели по надворешната видливост.

Член 3

Изборот на земјиштето за леталиште го врши одговорното лице на носителот на правото за користење на воздухоплови.

Одговорното лице од став 1 на овој член мора да биде пилот што најмалку две години управувал со воздухоплов што служи за работа со земјоделски цели, односно пилот што има овластување за наставник или инструктор по летање.

Член 4

Леталиштето мора да ги исполнува следните услови, и тоа:

1) земјиштето мора да биде стабилизирано (сува ливада, пасиште и сл.);

2) должината на полетно-слетната патека треба да биде еднаква на должината на залетот за соодветниот тип воздухоплови под полно оптоварување, а може да се зголеми за 50% но не смее да биде пократка од 500 m;

3) најмалата широчина на полетно-слетната патека мора да изнесува 30 m;

4) најмалата широчина на леталиштето без пречки мора да изнесува 60 m;

5) рамната површина на полетно-слетната патека не смее да отстапува повеќе од ±5 cm мерено со рамналка од 3 m должина;

6) височината на тревата не смее да биде поголема од 20 cm;

7) наклонот на приодната рамнина што почнува 30 m од прагот на полетно-слетната патека мора да изнесува 5% на должина од 500 m;

8) наклонот на бочната рамнина што почнува 30 m од полетно-слетната патека мора да изнесува 20% на должина од 100 m;

9) низ бочните и приодните рамнини не смее да навлегува никаква пречка;

10) најголемиот надолжен и напречен наклон на полетно-слетната патека не смее да биде поголем од 3%, а за секои 300 m надморска височина должината на полетно-слетната патека се зголемува за 7%.

Графички приказ на леталиште




Слика 1




Слика 2

Должината на леталиштето и односот на пречките во приодната рамнина (слика 1 и 2)

Широчина на леталиштето и однос на пречките на бочните страни (слика 2)

Член 5

Полетно-слетната патека на леталиштето може да се покрие со бетон или асфалт.

Условите од член 4 на овој правилник се однесуваат и на леталиштата со асфалтни или бетонски полетно-слетни патеки, со тоа што широчината на полетно-слетната патека не смее да биде помала од 18 m.

Член 6

Во ситуациониот план на леталиштето со размер 1:50.000 се вцртува најблиското помало населено место и најблиското поголемо населено место, така што лесно може да се изврши идентификација на подрачјето на кое се наоѓа леталиштето.

Член 7

Во скицата на полетно-слетната патека со размер 1:10.000 се вцртуваат околните пречки под приодните и бочните рамнини, во вертикална и хоризонтална проекција, меѓусебните растојанија, отстапувања, како и височината на пречките означена во метри.

Член 8

Полетно-слетната патека се обележува со постојани и подвижни ознаки. Постојаните ознаки се аголници и ленти, а подвижните ознаки — знаменциња.

Праговите на полетно-слетната патека се обележуваат со аголници чија должина на краците изнесува 6 m, а широчината 1 m. Рабовите на полетно-слетната патека се обележуваат со ленти долги 4 m, а широки 1 m, што се поставуваат на секои 50 m. Аголниците и лентите се изработуваат од чакал, толчен камен или други погоден материјал и се бојосуваат со бела боја. Аголниците и лентите мораат да бидат во ниво со околниот терен.

За време на летањето на воздухоплови полетно-слетната патека се обележува со подвижни ознаки така што на аглите на прагот се поставува по едно црвено знаменце. Бочните рабови на полетно-слетната патека се обележуваат со црвено-бели знаменциња што се поставуваат на оддалеченост од 50 m, во должина до половината на полетно-слетната патека.

Сите опасни места и пречки на леталиштето се обележуваат со црвени знаменциња.

Просторот за паркирање на воздухоплови се обележува со жолти знаменциња.

Покажувачот на правецот и јачината на ветарот, со должина од 1,5 до 2 m, се поставува на височина од 2 до 3 m на видно место, бочно од полетно-слетната патека, на растојание од 40 m во ниво на приземјувањето на воздухопловот.

Член 9

Леталиштето мора да биде снабдено со санитетска, противпожарна и метеоролошка опрема.

Санитетската опрема се состои од: аптека за прва помош (ножици куси и долги, крамерови шини, материјали за преврзување и потрошни материјали

— алкохол, бензин, вата, газа, фластер, гумени нараквици и сл.), со потребно упатство за укажување прва помош; носила и автомобили за превоз на повредени. Воздухопловот што служи за работа со земјоделски цели исто така мора да биде снабден со аптека за прва помош.

Противпожарната опрема ја сочинува материјалот за гаснење на пожар, и тоа 90 kg $CO_2$ и 350 kg сув прав.

Метеоролошката опрема се состои од рачен анемометар и ракетен пиштол што се користи за случај на влошување на временската ситуација.

### II. Одобрение за користење на леталиште

Член 10

Одобрението за користење на леталиште го издава Сојузната управа за цивилна воздушна пловидба.

Заради прибавување на одобрението од став 1 на овој член, одговорното лице од член 3 на овој правилник поднесува писмено барање, со потребна документација, до Сојузната управа за цивилна воздушна пловидба.

Врз основа на приложената документација од став 2 на овој член, Сојузната управа за цивилна воздушна пловидба проверува дали леталиштето ги исполнува условите што овозможуваат безбедно полетување и слетување на определени видови воздухоплови што служат за работа со земјоделски цели и ако утврди дека тие услови се исполнети, издава писмено одобрение за користење на леталиштето.

Член 11

Леталиштата за кои се издава одобрение за користење на воздухоплови што служат за работа со земјоделски цели се запишуваат во уписникот на леталиштата.

Уписникот на леталиштата го води Сојузната управа за цивилна воздушна пловидба.

Член 12

Уписникот на леталиштата содржи податоци за:

1) називот на леталиштето;

2) местото каде што се наоѓа леталиштето (позиција на леталиштето);

3) намената на леталиштето;

4) правецот на пружањето на патеката и нејзината надморска височина;

5) димензиите на леталиштето (должина и широчина);

6) природата на земјишната почва и видот на коловозот;

7) ситуациониот план на леталиштето со пречките на приодите и бочно од патеката на леталиштето;

8) воздухопловите што можат да се користат и соодветните ограничувања;

9) времето на користењето на леталиштето;

10) називот на корисникот на леталиштето, неговото седиште и адреса;

11) фирмата — називот на организацијата на здружениот труд што врши определени авио-услуги, нејзиното седиште и адреса;

12) другите податоци (продолжување на рокот за важење на одобрението за користење на леталиштето, привремените ограничувања на користење на леталиштето, посебните услови, забрани и сл.).

Член 13

Рокот за важење на одобрението за користење на леталиштето истекува кон крајот на календарската година во која е издадено одобрението. Ако корисникот на леталиштето има намера да го продолжи користењето на леталиштето по истекот на календарската година, мора да бара продолжување на рокот за важење на одобрението за годината во која има намера да го користи леталиштето.

Член 14

Во барањето за продолжување на рокот за важење од член 13 на овој правилник треба да се наведат евентуалните измени настанати на полетно-слетната патека или во блиската околина, што се од влијание врз безбедноста на летањето. Ако се во прашање поголеми измени (на пример промена на правецот на полетно-слетната патека, изградба на некои пречки во непосредната близина на леталиштето и сл.) треба да се поднесе ново барање за одобрение за користење на леталиштето.

### III. Завршна одредба

Член 15

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 04/1 — 1038/1
8 мај 1975 година
Белград

Директор
на Сојузната управа за
цивилна воздушна
пловидба,
**Љубина Кургус**, с. р.

---

**346.**

Врз основа на член 6 став 1 од Законот за техничките нормативи („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/65, 55/69 и 13/73), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕТО НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ТЕХНИЧКИТЕ НОРМАТИВИ И УСЛОВИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ТЕХНИЧКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ОБЈЕКТИТЕ ВО ЗГРАДАРСТВОТО

Член 1

Правилникот за техничките нормативи и услови за изработка на техничката документација за објектите во зградарството („Службен лист на СФРЈ", бр. 30/74) престанува да важи.

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 18-2801/1
7 април 1975 година
Белград

Директор
на Југословенкиот завод
за стандардизација,
**Милан Крајновиќ**, с. р.

---

**347.**

Врз основа на член 26 став 1 и член 22 став 2 од Законот за југословенските стандарди и за нормите на квалитетот на производите („Службен лист на СФРЈ" бр. 2/74), во согласност со Сојузниот комитет за земјоделство и со Сојузниот комитет за здравство и социјална заштита, директорот на Југословенскиот завод за стандардизација пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ИЗМЕНА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КВАЛИТЕТОТ НА АЛКОХОЛНИТЕ И БЕЗАЛКОХОЛНИТЕ ПИЈАЧКИ, МРАЗОТ И ОЦЕТОТ

Член 1

Во Правилникот за квалитетот на алкохолните и безалкохолните пијачки, мразот и оцетот („Служ-

бен лист на СФРЈ", бр. 31/63, 25/65, 45/71 и 59/72) во член 68 став 3 зборовите: „или диетил-естер на пирајаглородна киселина — до 100 mg/l," се бришат.

Член 2

Овој правиник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 07-ж-3827
15 мај 1975 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
**Милан Крајновиќ**, с. р.

---

**348.**

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставникот на производителот и претставниците на потрошувачите склучуваат

## СПОГОДБА

### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА КОМБАЈНИ И БЕРАЧИ НА ПЧЕНКА И ЗА НИВНИ УРЕДИ И РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ

1. Претставникот на производителот и претставниците на потрошувачите на 12 февруари 1975 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за комбајни и берачи на пченка и за нивни уреди и резервни делови, со тоа што производителската организација на здружениот труд да може да ги зголеми своите затечени продажни цени, за комбајни и берачи на пченка и за нивни уреди во просек за 15%, а според Ценовникот што е составен дел на Спогодбата, а за резервни делови до 15%, при постојните услови на продажбата.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат, односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во спогодбата.

3 На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 965/2 од 6 мај 1975 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од денот што е утврден во Спогодбата.

Претставник на производителот: Индустрија пољопривредних машина „Змај" — Земун.

Претставници на купувачите-потрошувачи: 165 купувачи-потрошувачи потписници на Спогодбата.

---

**349.**

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставникот на производителот и претставниците на потрошувачите склучуваат

## СПОГОДБА

### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА КАОЛИН ОД ВОЗДУШЕН ТИП ЕКСТРА И ЗА КАОЛИН ПОЛУКАЛОРИЧЕН ВО РИНФУЗА

1. Претставникот на производителот и претставниците на потрошувачите на 27 декември 1974 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за каолин од воздушен тип екстра и за каолин полукалоричен во ринфуза, со тоа што производителската организација на здружениот труд да може да ги зголеми своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата, така што највисоката продажна цена да изнесува, и тоа за:

1) каолин воздушен, тип екстра — 820,25 дин/t

2) каолин полукалоричен во ринфуза — 937,50 дин/t

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат, односно купуваат по цените и под условите, што се предвидени во спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 415 од 14 мај 1975 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од денот што е утврден во Спогодбата.

Претставник на производителот: Рудник каолина „Црна" — Камник.

Претставници на купувачите-потрошувачи: Здружене папирнице — Вевче, Товарна целулозе — Крško, Папирница — Количево и Товарна папирја — Радече.

---

**350.**

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

## СПОГОДБА

### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА СВРТНИЦИ И ЗА КОЛОСЕЧНИ ВРСКИ

1. Претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите на 29 јануари 1975 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за свртници и за колосечни врски, со тоа што производителските организации на здружениот труд да можат да ги зголемат своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата, до 20%.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат, односно купуваат по цените и под условите, што се предвидени во спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 834 од 29 април 1975 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од денот што е утврден во Спогодбата.

Претставници на производителите: Машинска индустрија — Ниш, ЖТП-ООУР Грађевинска секција — Загреб и ЖТП Белград — ООУР „Блок Сигнал" — Ниш.

Претставници на купувачите-потрошувачи: ЖТП — Белград, ЖТП — Љубљана, ЖТП — Загреб, ЖТП — Сараево, ЖТП — Скопје, „Технопромет" — Белград и Заедница на ЈЖ — Белград.

**351.**

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставникот на производителот и претставниците на потрошувачите склучуваат

## СПОГОДБА

### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА БЕНТОНИТ Mi-1-K, ФЕРИНАТ ЕКСТРА И ЗА ФЕРИПЛАСТ

1. Претставникот на производителот и претставниците на потрошувачите на 12 декември 1974 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за бентонит Mi-1-K, феринат екстра и за ферипласт, со тоа што производителската организација на здружениот труд да може да ги зголеми своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата, така што највисоките продажни цени да изнесуваат, и тоа за:

| | Дин/t |
|---|---|
| 1) бентонит Mi-1-K | 1.250 |
| 2) феринат екстра | 7.000 |
| 3) ферипласт | 8.000 |

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат, односно купуваат по цените и под условите, што се предвидени во спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 409 од 14 мај 1975 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од денот што е утврден во Спогодбата.

Претставник на производителот: ИНА — Кутина.

Претставници на купувачите-потрошувачи: „Далит" — Дарувар, „Литострој" — Љубљана, „Титан" — Камник, Ливарна — Иванчна Горица, „Папук" — Пакрац, ЈЖ ППВС — Љубљана, „Јанко Гредељ" — Загреб, ТТМ — Загреб, „Торпедо" — Риека, „Белт" — Чрномељ, ОЛТ — Осиек, „Томо Винковиќ" — Бјеловар, Жељезара — Сисак, „Јелшинград" — Бања Лука, „Атмос" — Марибор, „Гостол" — Нова Горица, „Вулкан" — Риека, Љеваоница — Вараждин и „Индустроопрема" — Риека.

---

**352.**

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставникот на производителот и претставниците на потрошувачите склучуваат

## СПОГОДБА

### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА УРЕДИ ЗА ВЕШТАЧКИ ДОЖД И ЗА ПОЦИНКУВАНА ОПРЕМА ЗА ТИЕ УРЕДИ

1. Претставникот на производителот и претставниците на потрошувачите на 27 јуни 1974 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за уреди за вештачки дожд и за поцинкувана опрема за тие уреди, со тоа што производителската организација на здружениот труд да може да ги зголеми своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата, во просек за 26%, а според Ценовникот што е составен дел на Спогодбата.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат, односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 668 од 6 мај 1975 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од денот што е утврден во Спогодбата.

Претставник на производителот: „Агрострој Љубљана" — Љубљана.

Претставници на купувачите-потрошувачи: „Агровојводина" — Нови Сад, „Агротехника" — Љубљана, „Агрокооп" — Нови Сад, „Канал" — Нови Сад, „Вештачка киша" — Бечеј, ИПК „Осијек" — Осиек, „Јужни Банат" — Бела Црква, ПД „Нови Сад" — Нови Сад, „Сирик" — Сирик — ПД „Петефи" — Темерин, ПД „Војводина" — Бачка Паланка, ПД „Бачка" — Хоргош, ПИК „Сирмијум" — Сремска Митровица, ПИК „Вршачки ритови" — Вршац, „Пољоопрема" — Врбас, ППК „Тител" — Тител, ПК „Елан" — Србобран, СРЗ „Братство и јединство" — Бачко Градиште, „Технокомерц" — Белград, ЗЗ „Бечеј" — Бечеј, ЗЗ „Нови живот" — Орловат и ЗЗ „Жабаљ" — Жабаљ.

---

**353.**

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставникот на производителот и претставниците на потрошувачите склучуваат

## СПОГОДБА

### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА КЛАСИРАН КАЛЦИТ 0-1 mm

1. Претставникот на производителот и претставниците на потрошувачите на 26 декември 1974 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за класиран калцит 0 — 1 mm, со тоа што производителската организација на здружениот труд да може да ги зголеми своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата, така што највисоката продажна цена за класиран калцит 0-1 да изнесува 213,50 дин/t.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат, односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 416 од 14 мај 1975 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од денот што е утврден во Спогодбата.

Претставник на производителот: „Црна" — Камник.

Претставници на купувачите-потрошувачи: „Стража" — Хум на Сутла, Стекларна „Храстник" — Храстник и „Емона" — Љубљана.

**354.**

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставникот на производителот и претставниците на потрошувачите склучуваат

## СПОГОДБА

### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА АКТИВНА ГЛИНА-ТЕРАФИНА

1. Претставникот на производителот и претставниците на потрошувачите на 13 декември 1974 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за активна глина-терафина, со тоа што производителската организација на здружениот труд да може да ги зголеми своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата, така што највисоките продажни цени да изнесуваат, и тоа за:

| | Дин/t |
|---|---|
| 1) терафина BRM, пакувано | 3.480 |
| 2) терафина BRM, ринфуза | 3.420 |
| 3) терафина BRM/E, пакувано | 3.480 |
| 4) терафина BRV, пакувано | 3.480 |
| 5) терафина BRV, ринфуза | 3.420 |
| 6) перколин, пакувано | 6.960 |
| 7) метилит, пакувано | 5.568 |

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат, односно купуваат по цените и под условите, што се предвидени во спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 410 од 5 мај 1975 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од денот што е утврден во спогодбата.

Претставник на производителот: ИНА — Кутина.

Претставници на купувачите-потрошувачи: ИНА — Риека, ИНА — Загреб, „Петрол" — Марибор, Творница уља — Загреб, „Бимал" — Брчко, Товарна оља — Словенска Бистрица, „Благој Ѓорев" — Титов Велес, „Радељевиќ" — Дубровник, „Серво Михаљ" — Зрењанин и „Теол" — Љубљана.

# УСТАВЕН СУД НА ЈУГОСЛАВИЈА

## ОДЛУКА

### ЗА ОЦЕНА НА УСТАВНОСТА НА ЧЛ. 9 И 15 И ЧЛ. 24 ДО 48 ОД ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ И РЕГИСТРАЦИЈА НА ВОЗНИТЕ РЕДОВИ ЗА ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО МЕЃУРЕПУБЛИЧКИОТ И МЕЃУНАРОДНИОТ ДРУМСКИ СООБРАЌАЈ

I. Уставниот суд на Југославија, со решението У бр. 28/74 од 18 декември 1974 година, поведе постапка за оценување на согласност на чл. 9 и 15 и чл. 24 до 48 од Правилникот за начинот и постапката за усогласување и регистрација на возните редови за превоз на патници во меѓурепубличкиот и меѓународниот друмски сообраќај („Службен лист на СФРЈ", бр. 21/73), со одредбите на Уставот на СФРЈ.

II. Правилникот за начинот и постапката за усогласување и регистрација на возните редови за превоз на патници во меѓурепубличкиот и меѓународниот друмски сообраќај го донесе Управниот одбор на Стопанската комора на Југославија на 27 февруари 1973 година врз основа на член 11 став 5 и член 13 од Основниот закон за организацијата на превозот со моторни возила во друмскиот сообраќај („Службен лист на СФРЈ", бр. 27/65 и 30/68). Во член 15 од тој правилник се пропишуваат критериумите што се применуваат при усогласувањето на возните редови, а во став 1 од тој член се определуваат пропишаните должини на релацијата, пропишаниот број станици, пропишаната минимална временска разлика помеѓу поаѓањето на возилата на предложената линија и сите дотогаш регистрирани возни редови како критериуми што мораат да се почитуваат при усогласувањето на возните редови кога се предлагаат нови линии или на постојните линии се вршат измени, односно се предлагаат нови поаѓања. Во член 15 став 2 од Правилникот се определува дека правото за отворање нови линии и за поаѓањата на релациите до 50 километри го имаат само домицилните претпријатија, а според став 3 на тој член првенство за отворање нова линија имаат превозниците чиј домицил е во местото на поаѓањето. Ако во местото на поаѓањето на линијата не постојат превозници што се заинтересирани за отворање нова линија, правото на првенство во почетните места, според одредбата на член 15 став 4 од Правилникот, им се признава на други превозници од односната република или на превозникот што територијално е најблизок до тие места. Правото на првенство за воведување нови поаѓања, за воведување сезонски превоз или за определување на времето на поаѓањето се определува во член 15 ст. 5, 6, 7 и 9 од Правилникот така што тоа право им се признава или на превозниците што најдолго време вршат превоз на определена релација, или на оние што вршат постојан превоз или пак на оние чиј домицил е во местото на поаѓањето.

Во член 9 став 1 од Привилникот е пропишано дека старите поаѓања се сметаат за усогласени.

Во чл. 24 до 48 од Правилникот се содржани одредби што ја овластуваат арбитражната комисија при Стопанската комора на Југославија да одлучува за спорните прашања во врска со усогласувањето на возните редови, како и одредби за изборот на членовите на арбитражната комисија и за постапката пред арбитражната комисија.

III. Одредбите на Основниот закон за организацијата на превозот со моторни возила во друмскиот сообраќај, врз основа на кој е донесен Правилникот за начинот и постапката за усогласување и регистрација на возните редови за превоз на патници во меѓурепубличкиот и меѓународниот друмски сообраќај, во однос на јавниот превоз во меѓурепубличкиот друмски сообраќај престанаа да важат на 1 октомври 1974 година, т.е. со денот на влегувањето во сила на одредбата на член 198 од Законот за основите на безбедноста на сообраќајот на патиштата. Со таа одредба се овластува Стопанската комора на Југославија да ја определи постапката и начинот според кој возните редови за превоз на лица во меѓурепубличкиот сообраќај на патиштата ќе се усогласат и регистрираат, а не предвидува воспоставување арбитража за решавање на споровите што ќе настанат при усогласувањето на возните редови, што е пропишано со Основниот закон за организацијата на превозот со моторни возила во друмскиот сообраќај.

Определувајќи ги критериумите наведени во член 15 од Правилникот, Управниот одбор на Стопанската комора на Југославија ги пропиша условите што треба да ги исполнуваат организациите на здружениот труд што вршат превозничка дејност во друмскиот сообраќај, ако предлагаат отворање на нова линија или вршат измени, односно предлагаат нови поаѓања, т.е. ги пропиша условите под кои организациите на здружениот труд можат да вршат размена на своите услуги.

Член 252 став 2 од Уставот на СФРЈ определува дека само со закон можат да се пропишат услови под кои во внатрешниот промет се врши размена на услуги. Со оглед на тоа дека одредбата на член 15 од Правилникот содржи услови што организациите на здружениот труд што вршат превозничка дејност во друмскиот сообраќај мораат да ги исполнуваат за да вршат превозничка дејност односно да вршат размена на услуги. Уставниот суд најде дека таквото регулирање на односите што го извршил Управниот одбор на Стопанската комора на Југославија е несогласно со член 252 став 2 од Уставот на СФРЈ.

Во одредбата на член 223 од Уставот на СФРЈ е изречно пропишано дека самоуправните судови се установуваат со самоуправен акт или со спогодба на странките, во согласност со Уставот и со закон, а за определени видови спорови дека можат да се установат и со закон. Видејќи одредбите на чл. 24 до 48 од Правилникот установуваат арбитража и постапка пред арбитража, тие одредби со оглед на наведената уставна одредба се несогласни со член 223 од Уставот на СФРЈ.

Судот смета дека причините за економичност и целесообразност на работењето, како и правната сигурност на учесниците во автобускиот сообраќај ја оправдуваат одредбата на член 9 став 1 од Правилникот според која старите поаѓања се сметаат како усогласени

IV. Со оглед на изложеното, а врз основа на член 375 став 1 точка 3 во врска со член 385 од Уставот на СФРЈ, Уставниот суд на Југославија донесува

Одлука

1. Условите под кои во внатрешниот промет се врши размена на услуги можат да се пропишат само со закон.

Самоуправни судови можат да се установат само со самоуправен акт или со спогодба на странките во согласност со уставот и со закон, а за определени видови спорови можат да се установат и со закон.

2. Се укинуваат одредбите на член 15 и чл. 24 до 48 од Правилникот за начинот и постапката за усогласување и регистрација на возните редови за превоз на патници во меѓурепубличкиот и меѓународниот друмски сообраќај („Службен лист на СФРЈ", бр. 21/73).

3. Постапката за оценување на уставноста на член 9 од Правилникот за начинот и постапката за усогласување и регистрација на возните редови за превоз на патници во меѓурепубличкиот и меѓународниот друмски сообраќај, поведена со решението на овој суд У бр. 28/74 од 18 декември 1974 година, се запира.

V. Уставниот суд на Југославија ја донесе оваа одлука во следниот состав: претседател на Судот Никола Секулиќ и членови на судот Милорад Достаниќ, Радивое Главиќ, Арпад Хорват, Радојка Катиќ, Димо Кантарциски, Ѓуро Меденица, д-р Стане Павлич, Ненад Петровиќ, д-р Иво Сунариќ, Таип Таипи и Јоже Земљак.

У. бр. 28/74
9 април 1975 година
Белград

Претседател
на Уставниот суд на Југославија
**Никола Секулиќ**, с. р.

## СОДРЖИНА:


Страна

337. Одлука за избор на потпретседател на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија — — 813
338. Уредба за даоѓање на странски јахти и странски чамци, наменети за разонода или спорт, во крајбрежното море и реките и езерата на Југославија и за престој на тие јахти и чамци во тие води — — — 813
339. Дополнение на Основите на заедничката кредитно-монетарна политика во 1975 година — — — — — — — — — — 817
340. Одлука за дополнение на Одлуката за определување на стоките на кои при увозот се плаќа посебна такса — — — 817
341. Одлука за измена на Одлуката за одредување максимални цени за вештачки ѓубриња и пестициди — — — — — — 817
342. Наредба за начинот на водење евиденција за користењето на средствата предвидени во Буџетот на федерацијата за 1975 година за финансирање на поттикнувањето и унапредувањето на трговската размена со странство — — — — — — — 817
343. Решение за забрана на внесувањето и растурањето на брошурата „Nekje je luč" — 818
344. Правилник за мерилата на телесната и душевната способност на воздухопловниот персонал и за болестите и повредите по кои мора да се изврши лекарски преглед 818
345. Правилник за леталиштата — — — — 827
346. Правилник за престанок на важењето на Правилникот за техничките нормативи и услови за изработка на техничката документација за објектите во зградарството 828
347. Правилник за измена на Правилникот за квалитетот на алкохолните и безалкохолните пијачки, мразот и оцетот — — — 828
348. Спогодба за промена на затечените цени за комбајни и берачи на пченка и за нивни уреди и резервни делови — — — 829
349. Спогодба за промена на затечените цени за каолин од воздушен тип екстра и за каолин полукалоричен во ринфуза — — 829
350. Спогодба за промена на затечените цени за свртници и за колосечни врски — — 829
351. Спогодба за промена на затечените цени за бентонит Mi-1-K, феринат екстра и за ферипласт — — — — — — — — 830
352. Спогодба за промена на затечените цени за уреди за вештачки дожд и за поцинкувана опрема за тие уреди — — — 830
353. Спогодба за промена на затечените цени за класиран калцит 0—1 mm — — — 830
354. Спогодба за промена на затечените цени за активна глина-терафина — — — — 831

Одлука за оцена на уставноста на чл. 9 и 15 и чл. 24 до 48 од Правилникот за начинот и постапката за усогласување и регистрација на возните редови за превоз на патници во меѓурепубличкиот и меѓународниот друмски сообраќај — — — — — 831

Меѓународни договори — — — — — — 399


**Издавач: Новинска установа Службен лист на СФРЈ Белград, Јована Ристиќа 1 Пошт фах 226 — Директор и главен и одговорен уредник Душан Машовиќ. Улица Јована Ристиќа бр. 1 — Печати Београдски издавачко-графички завод, Белград, Булевар војводе Мишиќа бр. 17**